Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08- 49/1
10 -01- 2023 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ" бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставката бр. 08 – 509/1 од 23.09.2022 година, поднесена од [redacted] Скопје, преку Адвокат [redacted] од Скопје, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-509/1 од 23.09.2022 година, поднесена од [redacted] Скопје, преку Адвокат [redacted] од Скопје **поради ненадлежност.**

Образложение

На 23.09.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] Скопје, преку Адвокат [redacted] од Скопје.

Комисијата разгледувајќи ја содржината на претставката утврди дека истата содржи елементи на навреда кон носител на јавна функција, односно министер за внатрешни работи, г-дин Оливер Спасовски и кон група на лица припадници на определена политичка партија, а не елементи на противправно дејствие определено согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација. Следствено на тоа, соодветната заштита во случаи на навреда е определена со други законски прописи, пред се Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, согласно кој лицето или лицата кои сметаат дека претрпеле навреда можат да бараат соодветна правна заштита. Дополнително, согласно наведеното и имајќи ја во предвид содржината на претставката која се однесува на определена објава на текст на социјални мрежи, активна легитимација за покренување на соодветни постапки за заштита од навреда, имаат лицата кон кои е насочена таквата објава, што во конкретниот случај истите не се појавуваат како подносители на горенаведената претставка до Комисијата.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
_______.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател,
Исмаил Камбери